Митко КОТОВЧЕВСКИ

**УДК: 349.9.02(100)**

# ЕТИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТРАНСНАЦИОНАЛНИОТ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА И ТРАНСНАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

***Кратка содржина***

*Транснационалниот организиран криминал и корупцијата во новиот меѓународен амбиент сè почесто и поуспешно ги „елиминираат“ националните државни граници и постануваат една од најсериозните современи глобални безбедносни закани.*

*Примарниот предизвик за анализирање на етиолошките карактеристики на транснационалните безбедносни закани е детерминирањето кои од нив се најопасни за националната и меѓународната безбедност.*

***Клучни зборови:*** *ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ, КОРУПЦИЈА, ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И БЕЗБЕДНОСТ.*

## Етиолошки карактеристики на транснационалниот организиран криминал

Транснационалниот криминал како општествено штетна, негативна и деструктивна појава има тенденција на високо ниво на адаптибилност, жилавост и истрајност во остварувањето на своите цели. На ниво на закономерност можеме да ги издигнеме и неговите континуирани настојувања за зацврстување на старите-веќе воспоставени позиции, воспоставувањето на нови врски со определени државни органи и институции на сите нивоа во рамките на државата, но и надвор од рамките на државата.

За поцелосно и посуштинско следење на етиолошките крактеристики на транснационалниот организиран криминал, логично е на почетокот да се изврши „скенирање“ на општите етиолошки карактеристики на организираниот криминал со цел да се детектираат причините кои може да бидат пресудни за преминување (преселување) на дејствување на организираниот криминал преку државните граници на една земја. Од методолошка гледна точка, истражувањата на овие два меѓусебно поврзани феномени, неизбежно ја наметнуваат потребата од согледувањето на причините и

условите кои придонесуваат за постанокот на организираниот, односно на транснационалниот организиран криминал. Секој облик на криминалитет за да ги добие карактеристиките на транснационалниот организиран криминал, претходно мора да го положи „приемниот испит", односно да ги исполни сте неопходни критериуми и елементи кои го детерминираат организираниот криминалитет.

Од етилошко стојалиште, можеме да констатираме дека транснационален организиран криминал неминовно ги содржи причините и „оптималните услови" што лежат во основата на појавувањето на организираниот криминал.

Како најзначајни основни причини за настанување на криминалитетот можеме да ги потенцираме противречностите на општествените односи кои продуцираат несоодветен материјален развој, нерамноправност и антагонизам во економската, социјалната, политичката и културната сфера и слабоста, неподготвеноста, нерешителноста и корумпираноста, односно неможноста на државните институции успешно да се справат со овие внатрешни безбедносни закани.

Во тој контекст и корените, како и суштинските причини за појавата на организираниот криминал можеме да ги бараме во слабостите и проблемите кои претставуваат резултанта од негативните влијанија содржани во постојните општествени, политички, економски, историски, социјални, културни, правни, географски, геополитички и геостратегиски констелации на конкретното општество. Во колкава мера ќе се манифестира криминалната активност зависи од мноштвото на преземените економски, политички и правни мерки (од севкупната стабилност на општеството во сите сфери и на сите нивоа), како и од решеноста, подготвеноста и ефикасноста на надлежните државни органи и институци. Исто така, значаен сегмент претставуваат и соодветните законски мерки преземени во функција на ефикасното попречување на транснационалниот организиран криминал.

Успешната борба против овие облици на криминалитет (нивната темна бројка зазема значајно место во оваа област) покрај влијанието на основните фактори, не може во целост да се води без согледување, анализирање и сфаќање на нивната етиолошка сложеност.

Транснационалниот организиран криминал како крајно опасна општествено негативна појава претставува продукт на севкупните општествено-политички и економски услови. Во тој контекст, логично е причините и корените за неговото манифестирање треба да ги бараме во суштината

на тие односи и состојби, односно во начинот на функционирањето на институциите кои се карактеристични за конкретната држава и конкретниот општествен систем.

Мошне карактеристични и специфични се состојбите на овој план во државите кои го поминале или сеуште го „живеат" процесот на транзиција кој претставува силен акцелератор на динамичните општествени процеси. Овој „преоден период" во овие држави претставуваше идеална почва за брз и успешен развој на многу форми типични за дејствувањето на организираниот криминал. Во последно време, организираниот криминал успешно се внегздува и во сите сфери на легалниот бизнис во рамките на економски развиените државии. Неговата инфилтрација во поголем број на држави на современата меѓународна заедница неминовно го детерминира и меѓународниот карактер на организираниот криминал, односно неговото присуство на сите континенти.

Организираниот криминалитет, а со него и неизбежната корупција во основа имаат три основни причински димензии: општествена, на државната управа (администрација) и индивидуална. (Wyn. R, 2003:112-125).

Општествената димензија се манифестира во фактот дека криминалитетот и корупцијата се наоѓаат во корелација се бројни општествени групи кои директно или индиректно се инволвираат за успешна реализизација на нивните цели и интереси. Во суштина, првите импулси за појава на овие старо-нови општествени зла потекнуваат од високиот степен на сиромаштија во едно општество и неможноста на определени припадници на субнационалните групи и слоеви да ги напуштат бедните услови за живот во гетата и да создадат перспектива за подобра егзистенција и иднина.

Димензијата на државната администрација која е нераздвоен дел на севкупната општествена реалност, најчесто има тенденција, односно закономерно тежнее да корумпира. Власта најчесто корумпира, бидејќи „оние" кои се во власта чувствуваат определена „психолошка предност" сметајќи дека се заштитени и имуни со тоа што се „над законот". Со овој облик и начин на однесување на поголеми или помали сегменти од администрацијата, се генерира општествен амбиент во кои и државата се трансформира во генератор на криминалитет и корупција. Опасноста од ова зло се мултиплицира кога оваа состојба, постанува уште посложен генератор кои со својот пример по „аналогија го охрабрува" развојот на криминалитетот и корупцијата во сферата на приватниот живот. Тоа се манисфестира во секојдневното однесување на просечните граѓани кои постепено почнуваат

да ја прифатат логиката и стилот на „неказнетото и оправдано" криминално однесување на администрацијата и да се поистоветуваат со нејзините постапки (посебно е карактеристичен долгиот и турбулентен транзициски период во Р. Македонија).

Индивидуалната димензија го подразбира личниот систем на вредности кој претставува брана-одбранбен механизам во правец на одвраќање на луѓето да се занимаваат со криминална дејност.

За таа цел, за успешна реализација на борбата против криминалитетот неопходни се мерки за спротивставување и на индивидуален план, „бидејќи борбата против криминалитетот на сите нивоа сепак на крај се сведува на индивуална мотивација". (Monteomeky. J. W, 1995).

За целосно елаборирање на причините за појавата на овој сложен и опасен феномен ќе ги потенцираме и другите основни (пред)услови:

**- Современиот процес на глобализација кои ги зафати скоро сите држави во современиот свет.** Новите глобализациски процеси ги зафатија највиталните-клучни сфери значајни за егзистирањето и функционирањето на современите држави.

**- Евидентните потешкотии и проблеми во непреченото функционирање на политичкиот и економскиот систем како и останати општествени подсистеми на транзиционите општества.** Проблемите во транзиционите држави се манифестираа(т) и во сферата на сите останати заштитни механизми поврзани со легислативата. Како последица на сите карактеристични транзициони општествени слабости и блокади дојде до значајна експанзија на економскиот криминалитет кои продуцираше сериозна несигурност кај граѓаните, а тоа неминовно резултираше со криза на политичко-безбедносниот сектор со страотни импликации врз севкупната општествена стабилност.

**- Несинхронизиранот на кривично-правните решенија.** Овие слабости и неусклादености се манифестираат врз криминалистичките и криминолошките пристапи неопходни за анализата на релевантните околности во функција на операционализација на превентивно-репресивните и останатите мерки.

**- Либерализација на економскиот пазар на глобален план.** Неспособноста на државните органи и институции за адаптирање и креирање на правни и заштитни механизми неопходни за насочување и контрола на процесите во овие значајни сегменти остави „слободен простор" за појаа и манифестирање на определени облици на организираниот криминал.

**- Економската меѓузависност, економските реформи, економската несигурност** и воспоставените крајно заострени и бескомпромисни пазарни натпревари помеѓу сите држави на глобално ниво.

**- Исклучителната мобилност и можностите за трансфер на парите и капиталот,** брзиот развој на комуникациските и информациските системи, како и големиот број новопројавени внатрешни противречности и други општествени аномалии.

**- Неспособност за снаоѓање на државите во услови на поизразена економска криза** да ги насочуваат и успешно да ги менаџираат економските закономерности во новонастанатиот економски амбиент. Пасивноста, безидејноста и неспособноста на државните институции ја зголемија иницијативноста на криминалните организации за пренасочување на пазарните текови и процеси во своја корист. Новите „пазарни односи“ ја продуцираа појавата на „црниот пазар“, потоа „сивата економија“, процес кои неминовно ќе ги промовира и криминалните активности поврзани со перењето на пари.

**- Големата економска и финансиска криза** која е на повидок[1] ќе претставува нов, снажен генератор за мултиплицирање на валканите активности на транснационалниот организиран криминал. Во суштина, кризата претставува и продукт на нелегалното, алчно и неконтролирано дејствување на моќните финансиски институции кои во борбата за остварување на нереално огромни профити „се изедоа самите себеси“, „своите“ држави, но и светската економија.

Во колкава мера бранот на новата финансиска и економска криза ќе ги зафаќа односите во економската, политичката и социјалната сфера, во толкава мера правопропорционално уште повеќе ќе го поттикнува развојот на сите форми на транснационалниот организиран криминал. (Lupsha. P, 1996).

За трансформација и прераснување на организираниот криминал во актуелен глобален феномен-транснационалниот организиран криминал, неопходно е да ги потенцираме поволните услови кои имаат суштинско значење (Woolsey. J, 1996):

- глобализацијата како интегративен процес посебно во сферата на финансиските и економските текови на капиталот и технологиите на единствениот светски систем;

[1] Забелешка: Трудот е пишуван една година пред појавата на глобалните финансиски и економски шокови и кризи.

- појавата на „новиот“ глобален финансиски пазар;
- процесот на брза економска транзиција на определен број држави, како и влијание на нивните новопројавени проблеми врз функционирањето на соседните држави;
- проблемот околу целосното и универзално (не)дефинирање на феноменот организиран криминал;
- големиот број на активни големи вооружени конфликти на подрачјата на голем борј кризни региони во меѓународната заедница;
- санкции и економски и политички блокади од страна на ООН и на други држави кон определени соседни држави;
- социјални, економски и политички промени, превирања и кризи во меѓународните односи, како и кризи на финансиски и економски план на глобално и национално ниво;
- изразеното ривалство на големите сили но и на „големите“ регионални играчи на воен, геополитички, а сега и на економски план како фактори за иницирање на кризите и кризните состојби и на поволен криминален амбиент во определени „слаби држави“;
- недоволната применливост и почитување на меѓународните конвенции и други акти донесени за попречување на транснационалниот организиран криминал, а во тој контекст и нивната недоволна и неадекватна имплементација во националните законодавства;
- недоволниот степен на соработка на надлежните државни органи на соработка на државите на меѓународен план во заедничката борба против транснационалниот организиран криминал.

Интезитетот на влијанието на сите потенцирани фактори зависи и од мноштво на други пропратни појави како на национален, така и на глобален план. Во определен општествен и меѓународен амбиент кога поинтензивно ќе се манифестираат поголем број на криминогени фактори, аналогно на тоа, правопропорционално ќе се зголемуваат /ќе се мултиплицираат/ и основните предуслови за позабрзано настанување, организирање и дејствување на транснационалниот организиран криминал на сите нивоа и на сите континенти. Транснационалниот организиран криминал во новиот меѓународен амбиент сè почесто и поуспешно ги „елиминира“ националните државни граници и постанува една од најсериозните современи глобални безбедносни закани.

## Транснационалниот организиран криминал како фактор за загрозување на безбедноста

Транснационалниот организиран криминал постанува сè посериозен фактор на загрозување на безбедноста на современите држави и на меѓународната заедница во целост. Неговото разорно дејствување различно се манифестира во пооделни региони и пооделни држави, односно различно се манифестира на сите нивоа на глобалната, националната и индивидуалната безбедност. На глобален план транснационалниот организиран криминал претставува сериозна безбедносна закана со висок интензитет и огромна жестокост на дејствување. Дејствувањето на транснационалниот организиран криминал претставува сериозна опасност за развиените земји, но уште посериозно ги разорува државите во транзиција и постранзиционите држави.

**Организираниот криминалитет како понов општествен и безбедносен феномен, денес претставува една од најопасните безбедносни закани за економската, социјалната, но и за политичката стабилност и сигурност на државата на национално ниво, а на глобално ниво и за целокупната меѓународна заедница.**

Транснационалниот организиран криминал сè повеќе како закономерност ја манифестира својата моќ за експанзија на глобален план и непрекинатоста на избор и продуцирање на нови облици и видови на криминално дејствување. Исто така, на ниво на закономерност можеме да го издигнеме и нивното дејствување на територијата на повеќе држави во кои со различен обем и интезитет ги загрозуваат нивните витални општествени вредности. (Liddick. R. Donald. R, 2004).

Најзагрозени во овј контекст се транзиционите и постранзиционите држави во кои транснационалниот организиран криминал врши дополнителна дестабилизација и попречување на севкупните државни стратегии и напори за надминување на економската и политичката криза. Сè поголемата интернационализација на организираниот криминал доведува до многу сериозни импликации во соработката помеѓу државите, (посебно на транзиционите и постранзиционите држави со останатите држави во меѓународната заедница). (Beetham. D, 2003).

Транснационалниот организиран криминал располага со огромна моќ за прилагодување кон сите новонастанати општествени, политички, економски, безбедносни и културни услови, секогаш развивајќи нови, сè посуптилни и поопасни форми на криминално дејствување. Во таа смисла,

неговото целосно искоренување и елиминирање е невозможно, но државите со својот сериозен однос во справувањето со ова современо зло во голема мера може да го намалат неговото разорно дејство.

Нападнатите држави не смеат да го потценат и неговото дејствување во преку претходно потенцираните форми и методи во сферата на општиот, стопанскиот и еколошкиот криминалитет.

Транснационалните криминални организации во голема мера ја загрозуваат стабилноста и функционалноста на утврдените општествени односи, стабилноста на уредувањето и функционирањето на меѓународниот систем и на националните држави, функционирањето на комерцијалните институции на национално и светско ниво, безбедноста, достоинството, правата и слободите на индивидуите (индивидуалната безбедност), државниот суверенитет и интегритет, националната безбедност и стабилност како и загрозување на меѓународната и глобалната безбедност, глобалниот мир, глобалното здравје, глобалните финансиски и економски текови и серија на други загрозувања на национално и глобално ниво. (Viano. E, Magallanes. J, Bridel. L, 2003).

Постоењето на моќните и широко распространети транснационални компании во глобализираниот свет претставува уште еден импулс за развој на можностите на транснационалниот организиран криминал и негова сè поголема интернационализација.

Глобализацијата како процес во себе содржи и определни противречности и недоречености кои продуцираат и определени состојби кои се рефлектираат врз стабилноста на националните држави, но и врз определени сегменти на нивната безбедност и на безбедноста во глобални рамки.

Глобализацијата претставува акцелератор и на глобализацијата на криминалот кои се повеќе и повеќе се манифестира во многу поголем и покомплексен опфат и во многу посуптилни и мултидимензионални облици. На ниво на национални држави неговиот обем и интезитет на дејствување зависи од нивото на неговата севкупна стабилност како и од степенот на неговата инфилтрираност и позиционираност во структурите на највисоките државни институции. Транснационалниот организиран криминал може да ја загрози националната безбедност на определена држава преку неговото дејствување во национални рамки (како внатрешна закана), со дејствување од надвор (како надворешна закана), но и со заедничко дејствување на двата фактори-како комбиниран облик на загрозување на националната безбедност.

Сите потенцирани фактори односно облици на загрозување на националната безбедност не дејствуваат изолирано и независно еден од друг. Во суштина, нивното разорно дејство се мултиплицира преку нивната длабока меѓусебна поврзаност и испреплетеност, односно високиот степен на корелација кои неминовно води и кон трансформација на националниот во транснационален криминалитет.

Во тој контекст, транснационалниот организиран криминал сериозно ја загрозува безбедноста на сите држави во современиот свет. **Степенот на нивната безбедносна загрозеност често пати се мултиплицира во ситуации кога транснационалниот организиран криминал дејствува во „симбиоза" со другите транснационални безбедносни закани со што во голема мера се промовира како глобален проблем и една од најопасните безбедносни закани на национално и глобално ниво.**

Исто така, за транснационалниот организиран криминал значајно е да се потенцира дека во определени ситуации може да се употреби и како моќно, многу валкано политичко оружје за извршување на следните дејности:

- „земање на заложници или закана со терористички акции во другите земји,
- давање помош на терористите било во подготвителната фаза, во фазата на нивното оспособувањето, или им се даваат простории при пребегнување или во периодот на мирување и прикривање, или при изведувањето на конкретните акции,
- испраќање на свои единици командоси за егзекуција и терор во други земји,
- прикриено нанесување на значителна штета на стопанството по пат на државниот план или со „трпеливост" преку изработка на огромни количини фалсификувани пари,
- изработка на фалсификувани исправи од сите видови,
- користење и насочување на стопанската шпионажа,
- користење на посебни видови стопански бојкот,
- сеопфатно кршење на нечии посебни права и
- евентуално извршување на шпионажа и др". (Stumper. A, 1992).

Исто така, структурите на транснационалниот организиран криминал активно се вклучени во финансирањето на терористичките организации

на глобално и на национално ниво, во снабдувањето со оружје и муниција и најсовремена комуникациска технологија, финансирање на определени политички партии, инфилтрирање на „свои луѓе" во највисоките државни органи, извршување на одмазднички акции против органите и службите за безбедност во ситуација кога ќе бидат загрозени нивните криминални бизнис интереси и воспоставени позиции. Во постконфликтните општества овие криминални структури се јавуваат како акцелератори на формите на т.н. криминален тероризам и претставуваат сериозен заканувачки фактор насочен против воспоставувањето и одржувањето на мирот и кон рушење на макотрпните мировни процеси.

За успешно и ефикасно спротивставување на ова современо безбедносно зло неопходно е донесување на соодветна стратегија која ќе ги детерминира идните правци за борба и елиминирање на сите закани од овој тип. (Williams. P, Vlassis. D, 2001). На овој план значајно е да се потенцира дека сите современи безбедносни системи ќе треба да се (ре)дизајнираат со цел да можат успешно да одговорат и на сите сериозни закани од структурите на транснационалниот организиран криминал.

## Последици од дејствувањето на меѓународниот организиран криминал

Меѓународниот криминал генерално се манифестира преку две основни форми:

- криминал кој ги загрозува меѓународните односи и
- криминал кој што го загрозува економскиот поредок.

Меѓународниот организиран криминал претставува поголема или помала закана за суверенитетот на државата, во зависност од интензитетот и жестокоста на неговото манифестирање, односно од сериозноста и сеопфатноста на неговата инволвираност и дејствување во сите сфери на општествениот живот. Неговото егзистирање во голема мера е овозможено од за него „отфрлените државни граници"–чин со кој се нарушува националниот суверенитет на државата–мета на напад на овие „светски структури". Националниот суверенитет од овој аспект се нарушува преку спроведувањето на незаконската трговија со оружје, наркотици, луѓе, човечки органи и сè друго што спаѓа во неговиот делокруг на дејствување, преку нивното

доставување на територијата на државата или преку нивното транзитно преминување.

Овој вид на суптилно посегнување врз државниот суверенитет директно не ја засега нејзината воена моќ бидејќи сето што се прави е мошне прикриено и тајно со исклучување на можноста за јавност во нивното функционирање.

Постоењето на слаби држави со слаби, корумпирани, нефункционални и неефикасни институции претставува погодно тло за често нарушување на пограничниот и царинскиот режим од страна на структурите на меѓународниот организиран криминал. (Politi. A, 2001).

Во суштина, меѓународниот организиран криминал преку неговите филијали (криминални организации) постанува сè посериозна закана за фундаментите на современите општества. Неговата потенцијална енергија за продуцирање и развој на нови форми на криминалитет претставува погубна варијанта за нивното деструктивно дејствување врз секое општество, независно од неговиот степен на организираност, развој и култура.

Со посредство на корупцијата во голема мера се поткопуваат носечките и витални институции на државата како и независноста на законодавната, извршната и судската власт, се разурнуваат основните општествени вредности неопходни за успешно функционирање на општеството и гарантирање на непречено функционирање на општествениот живот. Со тоа во голема мера се запира посакуваниот општествен развој и се отвора патот кон влез на државата во меѓународна изолација со сите негативни консеквенци врз нејзиниот опстанок како нормална држава. Во исто време, меѓународниот организиран криминал претставува закана за државната контрола што неминовно доведува до криминализација на општеството и создавање на криминален амбиент и хаос во нападнатото општество. Епилог на овие претходни фази претставува состојбата на трансформација на криминалните структури во клучен фактор во креирањето на севкупните општествени, односно државни процеси и тенденции–создавање на „држава во држава". Во основите на овој феномен лежи конституирањето на паралелна економија која се поттикнува и потхранува од егзистирањето на црниот пазар. Круна на нивното континуирано систематско дејствување претставува поставувањето на државните власти под (ин)директно влијание на криминалните структури, односно создавање на ситуација во која организираниот криминал има своја држава, додека државата ја губи битката со тешко видливиот противник. Тоа во праксата претставува најопасното и најнепосакувано сценарио за

секоја нормална држава која има амбиции нормално да функционира и да обезбеди непречено и ефикасно функционирање на нејзините институции.

Во овој контекст неизбежна е и констатацијата дека меѓународниот организиран криминал претставува закана за демократските вредности на општествените институции. За таа цел, нејзината стратегија е прилагодена врз основа на специфичниот амбиент карактеристичен за состојбите во определени држави и региони. Во нивните стратегии има разработено различни варијанти на приоди неопходни за поткопување на фундаментите на определени витални институции и за нивно постепено /„чекор по чекор"/ неутрализирање, односно парализирање. Во овие „подготвителни фази" на сцена настапуваат формите на нивниот познат арсенал–корумпирање, заплашување, изнудување и физичко ликвидирање на највисоки државни раководители и функционери, дури и инфилтрација и мешање во државното и политичкото уредување со крајна цел–неутрализирање и парализирање на функциите на власта /властите/.

Исто така, меѓународниот организиран криминал претставува закана и за националните економии. Неговата основна цел е потчинување на националните економии во рацете на криминалните групи, користејќи ги притоа актуелните состојби и односи во новиот светски економски поредок. Меѓународните криминални организации во предоминантните делови го поставуваат и остваруваат чисто економските интереси, додека инволвирањето во политиката претставува само начин и механизам за успешно реализирање на нивните економски стратегии.

Потчинувањето на националната економија од структурите на меѓународниот организиран криминал води до една крајно сложена и тешно поправлива ситуација во која енормно се ограничуваат можностите за нејзино успешно управување. Долготрајното извлекување на максимални профити од растечката црна економија во голема мера го стимулира нејзиното регенерирање /репродукција/. Како нов тренд во оваа сфера можеме да го потенцираме и интелектуализирањето на економскиот криминалитет преку заземање на клучните места од лица–експерти со највисоко образование и со големо професионално искуство во оваа значајна сфера.

Меѓународниот организиран криминал претставува сериозна закана и за функционирањето на финансиските институции, посебно во банкарскиот систем. Нивната интенција во оваа сфера е да се извршат продори во нивните сметки и да создадат услови за прикривање на незаконските парични трансфери. Нивните финансиски комбинаторики може во голема мера да

ја ослабнат стабилноста на банките, банкарскиот систем и глобалните финансиски текови.

Глобализацијата и неефективното законодавство на голем број држави во светот во голема мера ги олеснуваат валканите финансиски и банкарски операции со пари од непознато потекло (многу е мала можноста за успешно разграничување на криминалната од легалната финансиска дејност при операциите од овој вид).

Целиот спектар на општествено штетни дејности на структурите на организираниот криминал во крајна инстанца сериозно ја разорува демократизацијата на општеството, односно тие се смртен непријател на демократијата и на демократските изградени државни и општествени инситуции. Во таков општествен амбиент настапува царството на стравот, пороците, сиромаштијата, сериозна загрозеност на слободите и човековите права и сите негативни појави кои општеството го влечат кон опасниот невидлив амбис. Ова говори дека меѓународниот организиран криминал е многу адаптибилен кон новите општествени и политички реалности и дека располага со големи потенцијали за сериозно загрозување на националната безбедност и стабилноста на државите.

Во поновата историја на транзиционите посткомунистички држави се покажа дека меѓународниот организиран криминал постана сериозна закана за процесот на приватизација на државната, односно општествената сопственост. Тоа се спроведуваше на еден мошне суптилен начин преку процесот на перење на нивните валкани пари, корупција, изнудувања, изготвување (за финансиска надокнада) на нереални, мошне ниски процени на објектите–цел на приватизацијата. Во суштина, скоро во сите посткомунистички држави се одигра идентично приватизационо сценарио–се случи срамен процес на завладување (ограбување) на националното богатство со привидно легални средства на структурите на организираниот криминал кои безмилосно ја осиромашија државата, граѓаните и го криминализираа општеството.

Со тоа се потврди и констатацијата дека меѓународниот организиран криминал претставува сериозна закана, посебно во општествата кои се покажаа слаби во борбата со ова современо зло. Овие процеси во голема мера ја еродираа економската и политичката стабилност на овие држави со мали шанси за нивно брзо економско и политичко консолидирање. Во овие, жестоко „нападнати држави", за успешна борба против организираниот криминал почнуваат да се издвојуваат енормно големи финансиски средства

од нивниот сиромашен буџет што во голема мера ја зголемува нејзината цена, додека државата сè повеќе и повеќе ја осиромашува и целосно ја става под контрола на канџите на организираните криминални структури.

На глобално ниво, меѓународниот организиран криминал постанува закана за „глобалните режими" и кодексот на однесување. Таа закана егзистира заради нестабилноста во определени држави кои поседуваат нуклеарни, хемиски или биолошки средства за масовно уништување, како и најсовремени конвенционални борбени средства. Тие определуваат еден општ глобален режим и соодветни принципи првенствено разгледувани од аспект на воената политика.

Со оглед на фактот дека структурите на меѓународниот организиран криминал настојуваат да заземат стратегиски позиции на глобално ниво, сериозно пројавуваат интерес и кон најглобалните системи во светот. Тоа во наредниот период ќе ја замени трговијата со дрога со незаконската трговија со технологии и компоненти на оружјата за масовно уништување, што говори дека нивните визии остануваат непресушни и остварливи.

## Основни причини за корупцијата кај земјите во транзиција

Перцепцијата на корупцијата и анализата на нејзините етиолошки обележја кај земјите во транзиција (државите што ја поминале и државите кои сеуште се наоѓаат во таа фаза) не насочуваат кон констатацијата за постоењето на идентични, но и сосема различни причини за корупцијата во наведените држави. Различноста на причините за корупцијата произлегува од специфичностите и карактерот на нивниот политички систем, актуелните трансформации на моделот на политичкиот и економскиот систем и нивните форми на манифестирање, односно нивните потенцијални можности и ефективи да се задржат и да опстанат во новонастанатиот општествен амбиент. За таа цел, истражувањата на криминогените фактори на корупцијата во различните транзициони држави мора да тргнуваат од нивниот севкупен општествен контекст карактеристичен за анализираното општество (транзиционо или посттранзиционо).

Распадот на комунизмот, односно рушењето на моделот на реалсоцијализмот го иницираше процесот на транзиција во поранешните комунистички држави. Со процесот на транзиција отпочна процесот на

демократизација и либерализација на општествените односи како и долгиот и мачен процес на „приватна акција"–трансформација на сопственоста, односно приватизација (според различни модели, поголемиот број од нив криминални). Процесот на транзицијата скоро во сите посткомунистички држави неминовно почна да продуцира нови и да ги засилува уште повеќе старите–постојни облици кои не само што не исчезнаа, туку напротив, почнаа да се мултиплицираат и да ги интензивираат своите разорни дејства.

Нивната декструктивна и разурнувачка моќ уште повеќе дојде до израз во транзиционите држави кои беа зафатени со внатрешни конфликти, кризи или врз кои беа воведени определени санкции (меѓународни или билатерални). Деструктивното дејствување на корупцијата во голема мера почна да го отежнува и да го забавува процесот на економска и политичка транзиција на земјите во развој. (Stability Pact Anti-Corruption Initiative, 2001).

Слабата државна администрација, несоодветните политички институции карактеристични за земјите во развој во голема мера го интензивираат порастот на корупцијата. Во овие држави голем проблем претставува високата стапка на невработеност и разорената економија кои го интензивираат процесот на осиромашување на населението (висока стапка на сиромашно население) што неминовно влијае врз креирањето на мошне слаб среден слој со тенденција за негово исчезнување. Во општествен амбиент со разорена економска основа и со сериозни потреси во сите сфери на општественото живеење неминовно доаѓа до создавање на погодна почва на која успешно почнува да вирее семето на корупцијата и митото (процес кој успешно го поттикнуваат и мултинационалните компании кои прават сериозни продори во економијата на овие држави).

Како поволен амбиент за инфилтрирање и развој на корупцијата во овие држави можеме да го потенцираме и непостоењето на доволно развиена административна и политичка структура, како и отсуството на соодветна и применлива законска регулатива, слаби и нефункционални институции на системот кои се блокирани, со мали можности за нивно брзо зајакнување за целосно и ефикасно функционирање. Овој коруптивен амбиент дополнително го „олеснуваат" и нерегуларните пазарни законитости и пропустите во економската политика, отсуството на сериозна државна контрола, самиот процес на приватизација со криминален предзнак преку фаворизирање на „повластени" партиски фирми и инвеститори кои се блиски до власта. Овие коруптивни жаришта во себе кријат мноштво на

замки и разорна енергија која ја репродуцира корупцијата со огромна потенцијална моќ да го поткопа и уништи самиот процес на транзиција. Во овој контекст, најопасна варијанта за овие држави е ако процесот на транзиција неоправдано се пролонгира и целосно се разводнува во погрешна насока постанувајќи контрапродуктивен и мошне штетен за понатамошниот развој на нападнатото општество. (Thachuk. K, 2002).

Исто така, како дополнителни жаришта за развојот на корупцијата во транзиционите држави можеме да ги потенцираме и несоодветната законска регулатива и непрецизното и недоречено законодавство, слабата организиција на работа–работење, слаботo функционирање на институциите на сите нивоа, слабостите на социјалната политика, несоодветното образование на администрацијата, ниските плати во администрацијата, односно неповолниот материјален статус на јавните службеници, непостоење на систем за обезбедување на социјална сигурност на сите загрозени општествени слоеви.

Други криминогени фактори–акцелератори на корупцијата претставуваат радикалните промени во сферата на економските, политичките и општествените односи кои во сите фази на транзиција се мошне болни и непредвидливи, продлабочувањето на јазот (вакумот) во законодавството и задоцнувањето или недонесувањето на новите современи законски прописи, криза на власта, односно криза на органите на власта после конституирањето на новите органи и институции, блокада на процесот на имплементација на новите законски решенија, криза, односно бавен процес во промена на тоталитарната свест и менталитет во однесување на администрацијата и на поголемиот број на граѓани во новонастанатиот општествен амбиент, погрешните– доминантните ставови кај најголем процент на популацијата дека самиот процес на демократизација и либерализација на општествените односи во исто време значи и идеална шанса за брзо и противзаконско богатење. (World Bank, 2000).

Како значајни причини за корупцијата во поодделни земји во процесот на транзиција, можеме да ги елаборираме /генерализираме/ и економската трансформација, демократизацијата на општествата (за криминалните структури тоа претставуваше и синоним за анархија), несоодветно и нецелосно функционирање на контролните механизми, брзи и радикални промени на постојните економски и политички услови со паралелна, често пати нелегална промена на сопственичките односи, слаба активност на контролните институции, развој на „сивата економија“, криза, а во некои општества и целосен распад на системот за витални општествени вредности,

вооружените судири, и други внатрешни конфликти, сопственичката трансформација, појавата на значајни правни празнини (намерно создадени), појавата на нелојална конкуренција, криминалната приватизација на државната и општествената сопственост во кои доаѓа до израз процесот на лоша (ниска) процена на вредноста на капиталот (негово целосно обезвреднување), како и постоење на широк дијапазон на дефинирани дискрециони права на високите функционери, идеални за нивна криминална злоупотреба. (Klitgaard. R, 1998).

Сите претходни дефинирани фактори–акцелератори на корупцијата имаат иста етиолошка основа карактеристична за сите земји во транзиција. Со анализа на овие фактори (со примена на аналитичко – компаративна метода) можеме да констатираме дека овој разорен процес на корупција своите жаришта ги има инсталирано во областа на стопанството, политиката, финансиите, државната управа и јавните служби. Во овие најранливи области доаѓа до ерупција на криминогените фактори кои се јавуваат како основни и неизбежни сериозни причини за појавувањето и развојот на корупцијата во транзиционите и пост–транзиционите општества.

Корупцијата како појава која ја карактеризира динамичност и висок степен на прилагодливост, односно голема способност за прилагодување, сепак во сите општества не се продуцира со ист квантитет и квалитет на конкретните причини–криминогени фактори.

Тоа во голема мера зависи од квалитетот и динамиката на актуелните промени во општествено–економските и политичките односи во овие земји, од нивните традиции, степенот на државотворна, политичка, економска и безбедносна култура, од стабилноста и функционалноста на сите институции на системот, од севкупното поблиско и подалечно опкружување, од решеноста на политичките елити да создадат силна, стабилна и функционална држава и голем број на други објективни и субјективни фактори кои треба да расчистат со една круцијална дилема – „дали се спремни да се справат со ова современо зло или ќе дозволат неговите канџи да ја задават кревката демократија, економијата и државата (која во таа фаза е мошне ранлива) во целост, на кратки или на долги патеки“.

Во овој контекст, ќе се обидеме да презентираме и една покомплексна и појасна слика за детерминирачките фактори значајни за појавата на корупцијата и организираниот криминал карактеристични за транзициониот период низ кои поминуваа(т) државите на Балканот (посебно државите кои се формираа после распадот на СФРЈ).

Тие фактори првенствено претставуваат продукт на специфичните новонастанати промени кои како „оптимални предуслови" го забрзаа развојот на корупцијата и организираниот криминал.

Во множеството на глобалните услови и спецификите на балканскиот транзиционен период, на еден систематизиран начин ќе ги издвоиме сите значајни појави кои се во директна причинска врска (поврзаност) со појавата и развојот на корупцијата и организираниот криминал:

- војните, односно сите видови на конфликти водени на просторите на поранешните југословенски републики и покраината Косово;
- големите количества на оружје и муниција кои на нелегален начин беа масовно раширени во зоните на конфликти, но и пошироко на просторот на Балканот;
- остатоци на паравоени структури и структури на криминални босови на криминалниот тероризам кои се „трансформираат" во лични гарди;
- економските блокади, односно санкции спроведувани од страна на меѓународната заедница спрема Србија и Црна Гора и економската и политичката блокада од страна на Грција спрема Р. Македонија;
- прекин на економските односи и трговијата помеѓу поранешните југословенски републики и покраини;
- ерозија на политичката стабилност и кохезија;
- порастот на инфлацијата која се манифестираше со различен интезитет во определените новоформирани држави;
- криминалната трансформација и приватизација на општествената и државната сопственост;
- драстично намалување и пад на севкупното производство и понуда на производи и отпочнување на процесот на нивна економска стагнација;
- процес на осиромашување на населението и сериозен пад на животниот стандард;
- енормна стапка на невработеност (највисока во светски рамки);
- експлозија на „сивата економија" и брз развој на „црниот пазар";
- сериозно обезвреднување на националните валути;

- воспоставување на нереален и варијабилен девизен курс на националните валути;
- воспоставување на монополистичка положба во некои големи деловни системи и на други определени доминантни партиско–политички фирми.
- формирање на нова партиска и олигархиска елита–доминантен сопственик на најпрофитабилните фирми;
- намалување на кредибилитетот на банките, намерно забавување на процесот на нивна трансформација и продор на странски банкарски капитал, како и нивно поставување под „партиско–политичка" контрола;
- пораст на шпекулативното однесување на сите нивоа во општеството;
- зголемување на политичко–криминалните комбинаторики за забрзување на процесот на девалвација на националната валута како предуслов за нивно брзо и енормно богатење;
- секојдневно девалвирање и ослабување на функциите на државата и нејзините институции на сите нивоа и во сите сфери на општествениот живот и серија на други активности насочени кон целосно разнебитување на економскиот систем на државата и создавање несигурност, хаос и нестабилност на политичкиот систем, ерозија на сите безбедносни функции на државата и тотална „приватизација" на судството од страна на партиско–политичките елити и претставниците на големите партиско–криминални структури. (ICG Balkans Report, 2002).

Сите презентирани фактори кои претставуваат само генерализација на широкиот спектар на криминогени фактори типични за Балканот во транзиција, во различен обем и со различен интензитет во определени развојни фази, претставуваат акцелератори за настанувањето и развојот на новите облици на криминалитет кои во голема мера се трансформираат во определени облици на организиран криминал со балкански предзнак.

Некои од овие специфични фактори престанаа да егзистираат, некои дејствуваат со минимален интензитет и во ново руво, додека некои од нив се релативно пожилави и понатаму го продолжуваат својот „век на траење" на балканските простори продуцирајќи серија на сериозни форми и манифестации на дејствувањето на организираниот криминал.

Но без разлика на нивното понатамошно постоење и интензитет на разорно дејствување, страотните ефекти и негативни последици и понатаму се присатни и неизбежни. Тие секојдневно го собираат својот данок, а државите сè повеќе стануваат нивни заложници и жртви на нивните сè посилни канџи. Пасивниот однос на државата (во определени фази спрема сè посилните структури на организираниот криминал и корупцијата, говори за нејзината неподготвеност а понекогаш и за нејзината немоќ и нерешителност за справување со ова големо современо зло. Таквиот однос сериозно ја манифестира и врската односно криминалната спрега помеѓу државата и нејзините институции од една страна и структурите на организираниот криминал од друга страна. Парализата и немоќта на државните институции е „вештачка", добро осмислена и пресметана од криминалните интереси на највисоките нејзини претставници кои ги делат огромните профити со членовите на најмоќните структури на организираниот криминал. На подолги релации, овој вид на „љубовна врска" помеѓу власта и организираниот криминал може да се трансформира во „свилен гајтан" за стабилноста и опстанокот на државата, односно тоа претставува почеток на крајот на нејзиното самоуништување, односно себеликвидирање со помош на нечесните и безобѕирни и продадени национални и државни лидери.

(Рецензент: *проф. д-р Алекса Стаменковски*, Европски универзитет)

## ЛИТЕРАТУРА

Rees Wyn, „Transnational Organized Crime, Security, and the European Union", in (Allum, Felia and Renate Siebert, Eds.), Organized Crime and the Challenge to Democracy, London: Routledge, 2003.

Monteomeky, J. W (1995). „Наводниот мит за мафијата", Седма меѓународна конференција за антикорупција.

Lupsha Peter, Transnational Organised Crime versus the Nation-State, Transnational Organized Crime, 2/1, 1996.

Woolsey James, „Global Organized Crime", Mora Stephens, Woodrow Wilson School policy Conference 401, A Intelligence Reform in the Post-Cold War Era, 6 January 1996.

Liddick R. Donald R, „The Global Underworld-Transnational Crime and the United States", Praeger Publishers, Westport, Connecticut, 2004.

Beetham David, Foreword, in (Allum, Felia and Renate Siebert, Eds.), Organized Crime and the Challenge to Democracy, London: Routledge, 2003.

Viano C. Emilio, Jose Magallanes, Laurent Bridel., „Transnational Organized Crime: Myth, Power, and Profit", Carolina Academic Press, Durham, North Carolina, 2003.

Stumper, A. (1992). *Internacionale Kriminaliteta im Umbruch.* Die Polizei, No. 7, Viesbaden.

Williams Phil and Dimitri Vlassis., „Combating Transnational Crime-Concepts, Activities and Responses, Frank Cass Publishers, 2001.

Politi Alessandro, „The Threat of Organised Crime in the Balkans", Southeast European and Black Sea Studies, Vol.1, No.2, May 2001, Frank Cass, London.

Stability Pact Anti-Corruption Initiative (SPAI), Steering Group report, „Anti-corruption measures in South-eastern Europe-Country reviews and priorities for reform", Council of Europe Press: Strasbourg, September 2001.

Kimberley Thachuk, „Corruption: The International Security Dimension", NDU Symposium, February, 2002.

"Anti-corruption in transition"-contribution to the policy debate", World Bank, 2000.

Robert Klitgaard, „Controlling Corruption", University of California Press, Berkeley, 1998.

"Macedonia's Public Secret: How Corruption Drags the Country Down", ICG Balkans Report, Europe Report, No 133, 14 August 2002.

Mitko KOTOVCEVSKI

# ETIOLOGICAL FEATURES OF TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME AND CORRUPTION AND THEIR IMPACT OVER NATIONAL AND TRANSNATIONAL SECURITY

**Summary**

The transnational organized crime and corruption in the new international ambience have more success in „elimination" of national state borders and become the most serious contemporary transnational security threats.

The primary challenge of analyzing etiological features of transnational security threats is determining which ones are most critical to national and international security.

**Key words:** TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME, CORRUPTION, GLOBALIZATION AND SECURITY.